//////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////

**ДЕВЕТТА ТОЧКА.** Се премина на разгледување на деветтата точка од дневниот ред Деловна политика, развоен и финансиски план на Стопанска банка АД Битола за 2015-2019 година со предлог одлука за усвојување. Председавачот констатира дека предлог одлуката за Деловна политика, развоен и финансиски план на Стопанска банка АД Битола за 2015-2019 година, е објавена на веб страната, на интернет страната на Македонската берза и се составен дел на материјалите за ова собраните. Председавачот отвори претрес по ова точка, бидејки никој не се јави за збор, предлог одлуката се стави на гласање и присутните акционери со 258.908 гласови ЗА

што претставуваат 100% од вкупниот број на акции со право на глас представени на ова собрание, ниту еден ПРОТИВ и ниту еден ВОЗДРЖАН, ја донесоа следната -----------------------------------------------------------------------

------------------------------------------ **О Д Л У К А** ------------------------------------------

**За усвојување на Деловна политика, развоен и финансиски план на Стопанска банка а.д. Битола за период 2015-2019 година**

**Член 1**

СЕ УСВОЈУВА Деловната политика, развојниот и финансискиот план на Стопанска банка а.д. Битола за период 2015-2019 година, заедно со писменото мислење по истиот изготвено од страна на Надзорниот одбор.

**Член 2**

Извештајот од претходниот член претставува составен дел на оваа Одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на усвојување од страна на Собранието.
////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////

**ДЕСЕТТА ТОЧКА.** Се премина на разгледување на десеттата точка од дневниот ред Предлог одлука за усвојување на листата на нето должници на Стопанска банка АД Битола за 2014 година со предлог одлука за усвојување. Председавачот констатира дека предлог одлуката на листата на нето должници на Стопанска банка АД Битола за 2014 година е објавена на веб страната, на интернет страната на Македонската берза и се составен дел на материјалите за ова собраните. Председавачот отвори претрес по ова точка, бидејки никој не се јави за збор, предлог одлуката се стави на гласање и присутните акционери со 258.908 гласови ЗА што претставуваат 100% од вкупниот број на акции со право на глас представени на ова собрание, ниту еден ПРОТИВ и ниту еден ВОЗДРЖАН, ја донесоа следната ----------------------

------------------------------------ **О Д Л У К А** ------------------------------------

**За усвојување на листата на нето должници на Стопанска банка а.д.Битола во 2014 година**

**Член 1**

Се усвојува листата на нето должници на Стопанска банка а.д. Битола во 2014 година.

**Член 2**

Составен дел на одлуката претставува листата на нето должници на Банката во 2014 година.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на усвојувањето од страна на Собранието на Банката.
////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////

**ЕДИНАЕСЕТТА ТОЧКА.** Се премина на разгледување на единаесеттата точка од дневниот ред Предлог одлука за ревидирање на Кодексот за корпоративно управување на Стопанска банка АД Битола. Председавачот

констатира дека предлог одлуката за ревидирање на Кодексот за корпоративно управување на Стопанска банка АД Битола е објавена на веб страната, на интернет страната на Македонската берза и се составен дел на материјалите за ова собраните. Председавачот отвори претрес по ова точка, бидејки никој не се јави за збор, предлог одлуката се стави на гласање и присутните акционери со 258.908 гласови ЗА што представуваат 100% од вкупниот број на акции со право на глас представени на ова собрание, ниту еден ПРОТИВ и ниту еден ВОЗДРЖАН, ја донесоа следната ---------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------
------------------------------------------ **О Д Л У К А** -------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**За измена и дополнување на Кодексот за корпоративно управување на Стопанска банка а.д. Битола**

**Член 1**

Во Кодексот за корпоративно управување на Стопанска банка а.д. Битола (пречистен текст) НО бр. 02-2800/1-5 од 05.06.2013 година, ревидиран на седница на НО бр. 02-2031/ИИ.2-12 од 24.04.2014 година, називот „Служба за внатрешна ревизија„ се преименува и гласи: „Сектор за внатрешна ревизијаее.

**Член 2**

Во делот II. ПРИНЦИПИ НА КОРПОРАТИВНОТО УПРАВУВАЊЕ, точка 4 став 2 се менува и гласи:

„Во Банката е формирана посебна организациона единица Ђ Служба за контрола на усогласеност на работењето на Банката со прописите која се грижи за поддршка и организирање на активностите поврзани со корпоративното управување, и обезбедува правилна примена на законските прописи де.

Точка 6 се менува и гласи:

„ Собранието на Банката избира друштво за ревизија од редот на независните професионални ревизорски институции и го разгледува и усвојува извештајот на друштвото за ревизија доставен до него. Собранието на Банката избира членови на Одборот за ревизија кој се грижи за точност и транспарентност на објавените финансиски информации за работењето на Банката.

Надзорниот одбор на Банката организира сектор за внатрешна ревизија, како независен организационен дел во Банката кој врши постојана и целосна ревизија на законитоста, правилноста и ажурноста на работењето на Банката.

Воедно, Управниот одбор на Банката именува независна организациона единица или лице за контрола на усогласеност на работењето на Банката со прописите, која единица/лице е одговорна/о за идентификација и следење на ризиците од неусогласеноста на работењето на банката со прописитеее.

Точка 8 став 2 се менува и гласи:

„Принципот на независност е принцип кој на сите сите членови на органите на надзор и управување, лицата со посебни права и одговорности и за останатите вработени во Банката им укажува на потребата за нивна бескомпромисна борба наспрема сите обиди за било каково влијание врз нив.

Точка 9 став 2 се менува и гласи:
„ При определување на информациите кои ќе бидат објавени, Банката согласно законските прописи води грижа за обврската за заштита на доверливите информации, информациите кои претставуваат деловна тајна, ценовно чувствителните информации и сл.ее.

Точка 10 став 2 се менува и гласи:
„ Доверливите информации од страна на Банката може да бидат соопштени или објавени единствено и само во случај и на начин предвиден со закон де.

**Член 3**

Во дел III. ПОСТАПКА ЗА СВИКУВАЊЕ НА СОБРАНИЕТО НА БАНКАТА, ПОСТАПКА ЗА ГЛАСАЊЕ И ПРАВА НА АКЦИОНЕРИТЕ, точка 1 став 4 се менува и гласи:
„ Барање за свикување на седница на Собрание можат да поднесат и акционерите кои имаат најмалку 1/10 од сите акции со право на гласее.

Точка 2 став 6 се менува и гласи:
„Резултатите од гласањето по предлог-одлуките на Собранието, како и измените на Статутот на Банката се објавуваат на њеб. страницата на Банката, како и на интернет страница на Македонската берза на хартии од вредностее.

**Член 4**

Во дел IV. СОРАБОТКА ПОМЕЃУ НАДЗОРНИОТ И УПРАВНИОТ ОДБОР, ВИДОТ, РОКОВИТЕ И НАЧИНИТЕ НА КОИ УПРАВНИОТ ОДБОР ДОСТАВУВА ИНФОРМАЦИИ И ДОКУМЕНТИ ДО НАДЗОРНИОТ ОДБОР И НАЧИНОТ НА ПОСТАПУВАЊЕ ВО СИТУАЦИИ КОГА ПОСТОИ СУДИР НА ИНТЕРЕСИ, став 12 се менува и гласи:
„Управниот одбор на Банката најмалку еднаш годишно изготвува и доставува до Надзорниот одбор извештај за своето работење, како и извештај за поставеноста и ефикасноста на системот на внатрешна контролаее.

Ставот 13 се менува и гласи:
„Надзорниот одбор, најмалку еднаш годишно врши оценка на работењето на Банката, односно изработува мислење за годишниот извештај за работењето на Банката, при што појдовна основа претставува деловната политика и плановите за работа на Банката, во која наведува свое мислење за исполнувањето на плановите, областите или деловите од плановите кои можеле подобро да се исполнат и истиот го доставува до Собранието на Банкатаее.

**Член 5**

Во дел V. ОБВРСКИ, ОДГОВОРНОСТИ И НАЧИН НА РАБОТА НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР, УПРАВНИОТ ОДБОР И ДРУГИТЕ ОРГАНИ НА БАНКАТА, точка 1, став 3, алинеја 4 се менува и гласи:
S „ги разгледува извештаите за работењето на: Управниот одбор на Банката, Одборот за управување со ризици, Одборот за ревизија, Службата/одговорното лице за контрола на усогласеност на работењето на

-------------------------------------------------------------------------------------------------------

банката со прописите и Одборот за надгледување на информативната технологијаее.

Алинеја 7 се менува и гласи:

S „ги разгледува, записниците од непосредната теренска контрола и непосредната теренска инспекциска контрола на Народната банка, други извештаи доставени од Народната Банка, Управата за јавни приходи и други надлежни институции и предлага, односно презема мерки и активности за надминување на утврдените неусогласености и слабости во работењето на Банкатаее.

Во ставот 5 се додава:

„За сите одлуки донесени на начин од ставот 4 на оваа точка, претседателот или во негово отсуство заменик претседателот на надзорниот одбор подготвува записник во кој што се евидентираат одлуките. Записникот се усвојува на првата наредна седница на Надзорниот одбор. Записникот го потпишуваат сите членови на надзорниот одбор најдоцна во рок од 30 дена по давањето на согласност за одлукатаее.

Во точка 2 став 5 алинеја 2 се менува и гласи:

S „ги извршува одлуките на Собранието и на Надзорниот одбор на Банката, односно се грижи за нивното спроведување, покренува иницијативи и дава предлози за унапредување на работењето на Банката, ги именува и разрешува лицата со посебни права и одговорности, организира Службата/одговорното лице за контрола на усогласеност на работењето на Банката со прописите".

**Член 6**

Во дел VIII. УЛОГАТА, ЗНАЧЕЊЕТО И ДЕЛОКРУГОТ НА РАБОТА НА ВНАТРЕШНАТА РЕВИЗИЈА, НАДВОРЕШНИОТ РЕВИЗОР И ЛИЦЕТО (ОРГАНИЗАЦИОНАТА ЕДИНИЦА) ЗА КОНТРОЛА НА УСОГЛАСЕНОСТ НА РАБОТЕЊЕТО НА БАНКАТА СО ПРОПИСИТЕ, точка 3, став 3, се менува и гласи:

„ Служба за контрола на усогласеност на работењето на Банката со прописите има пристап до сите информации кои се потребни за извршување на нејзината функцијаее.

Ставот 5 се менува и гласи:

„ Вработените во Службата/лицето за контрола на усогласеноста на работењето на Банката со прописите при извршување на својата функција, ги вршат следните активностие".

**Член 7**

Собранието го овластува Надзорниот одбор на Банката да изготви пречистен текст на Кодексот за корпоративно управување на Стопанска банка а.д. Битола.

////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////

**ДВАНАЕСЕТТА ТОЧКА**. Се премина на разгледување на дванаесеттата точка од дневниот ред Предлог одлука за измена и дополнување на Статутот

на Стопанска банка АД Битола( пречистен текст)НОбр.02-469/І-2 од 21.01.2015 година. ----------------------------------------------------------------------------
Председавачот констатира дека за конкретните измени и дополнувања на Статутот на Стопанска банка АД Битола е пристигната претходна согласност од Гувернерот на НБРМ-Решение бр.9371 10 17.03.2014 година со што по усвојувањето на Предлог-Одлуката за измена и дополнување на Статутот на Стопанска банка АД Битола од страна на собранието на акционери, измените и дополнувањата на статутот ќе се сметаат за донесени. ---------------------------
За ова предлог одлука председавачот истакна дека е објавена на веб страната, на интернет страната на Македонската берза и се составен дел на материјалите за ова собраните. Председавачот отвори претрес по ова точка, бидејки никој не се јави за збор, предлог одлуката се стави на гласање и присутните акционери со 258.908 гласови ЗА што претставуваат 100% од вкупниот број на акции со право на глас претставени на ова собрание, ниту еден ПРОТИВ и ниту еден ВОЗДРЖАН, ја донесоа следната --------------------
-------------------------------------------------------------------------------------------------

**------------------------------------- О Д Л У К А ----------------------------------------**

-------------------------------------------------------------------------------------------------

**за измена и дополнување на Статутот на Стопанска банка а.д. Битола**

**Член 1**

Во Статутот на Стопанска банка а.д. Битола НО бр.02-469/И-2 од 21.01.2015 година ( пречистен текст), во член 69 став 3 точка 19 „ги разгледува изложеностите спрема поединечно лице од над 5% од сопствените средства на Банкатаее се брише.

**Член 2**

Во член 71 став 2 се менуваат и гласи:
І Надзорниот одбор ги донесува одлуките со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на надзорниот одбор од кој најмалку еден е независен членее.

**Член 3**

Во член 76 ставот 2 се врши корекција во повикувањето на членот од Статутот кој се однесува на постоењето на судирот на интереси кај членовите на надзорниот одбор, па наместо досегашното повикување на членот 108 се врши корекција и во иднина ќе стои соодветниот член односно членот 105 од Статутот, па во иднина корегираниот член 76 ставот 2, гласи:
„Записникот треба да содржи податоци за начинот на којшто работел надзорниот одбор (на состанок или на друг начин), времето и местото на одржувањето на состанокот, лицата кои присуствувале и дневниот ред на состанокот, прашањата кои биле предмет на гласање и резултатите од секое гласање вклучувајќи ги и имињата на членовите кои гласале „за" и „против" за одлуките усвоени на состанокот. Во записникот може, по барање на членот кој гласал „за" и „против" да се внесе и причината зошто така гласал. Ако некој член има судир на интерес, членот има обврска тоа да го најави на почетокот на состанокот и тоа да се евидентира на записникот. Членот кој има судир на интерес ќе постапи согласно одредбите од член 105 од Статутот на Банката".

**Член 4**

Во член 112 во ставот 3 се додава точка 10 и истовремено се врши корекција на членот на кој се врши повикувањето во врска со банкарската тајна, па во

иднина член 112 став 1, 3 и 4 ќе гласат :
Лицата со посебни права и одговорности, акционерите и вработените во Банката, како и лицата кои преку давање услуги на банката имаат пристап до документите, податоците и информациите од член 111 од овој Статут се обврзани да ги чуваат, можат да ги користат исклучиво за целите за кои се добиени и не смеат да ги откријат на трети лица.
Ако податоците се даваат на Министерството за труд и социјална политика, Агенцијата за вработување на Република Македонија и Фондот за здравствено осигурување на Македонија, за потребите на вршење на работите од нивните надлежности и во согласност со прописите за заштита на личните податоци само доколку Банката склучи меморандум за соработка со овие институциииее.
Лицата кои согласно став 3 од овој член дошле до документите, податоците и информациите од член 111 од вој Статут се обврзани да ги чуваат, можат да ги користат исклучиво за целите за кои се добиени и не смеат да ги откријат на трети лица, освен во случаи и во постапка утврдена со закон.в

**Член 5**

Собранието го овластува Надзорниот одбор на Банката да врши измени и дополнувања на оваа Одлука на барање на Народна банка на Република Македонија.

Собранието го овластува Надзорниот одбор на Банката да изготви пречистен текст на Статутот на Банката.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила по добивањето согласност од Гувернерот на Народна банка на Република Македонија.
//////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////
//////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////

**ТРИНАЕСЕТТА ТОЧКА.**Председавачот предложи да се премине кон ова точка од дневниот ред Предлог-Одлука за определување на месечна награда и награда за успешно завршена година за члeновите на Надзорниот Одбор на Стопанска банка АД Битола. Председавачот констатира дека предлог одлуката за определување на месечна награда и награда за успешно завршена година за члeновите на Надзорниот Одбор на Стопанска банка АД Битолае објавена на веб страната, на интернет страната на Македонската берза и се составен дел на материјалите за ова собраните. Председавачот отвори претрес по ова точка, бидејки никој не се јави за збор, предлог одлуката се стави на гласање и присутните акционери со 258.908 гласови ЗА што представуваат 100% од вкупниот број на акции со право на глас представени на ова собрание, ниту еден ПРОТИВ и ниту еден ВОЗДРЖАН, ја донесоа следната ---------------------------------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------
-------------------------------------------- **О Д Л У К А** -------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------

**за определување на месечна награда и награда за успешно завршена година на члeновите на Надзорен одбор на Стопанска банка а.д. Битола**

**Член 1**

Се определува месечна награда на членовите на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола во износи од:

-60.000,00 (со букви:шеесетилјадиденари) нето износ и јавни давачки согласно Закон за Претседателот на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола и

-50.000,00 (со букви:педесетилјадиденари) нето износ и јавни давачки согласно Закон за другите членови на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола.

**Член 2**

На членовите на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола им следува награда за успешно завршена година. Наградата за членовите на Надзорниот одбор се утврдува:

- за Претседателот на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола во висина од 30% од бонусот на Претседателот на Управен одбор на Стопанска банка а.д. Битола и
- за другите членови на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола во висина од 20% од бонусот на Претседателот на Управен одбор на Стопанска банка а.д. Битола.

**Член 3**

На членовите на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола што живеат надвор од седиштето на Банката, ќе се исплатува надомест во висина на трошоци за патување и сместување, по претходно приложени фактури или друга соодветна документација.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а членот 2 ќе се применува со усвојувањето на годишната сметка за 2015 година и понатаму.

////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////

////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////

**ЧЕТИРИНАЕСЕТТА ТОЧКА.** Се премина конразгледување на Предлог одлуката за именување на член на Надзорен одбор.Председавачот истакна дека согласно чл.390 од Законот за трговски друштва, до Стопанска банка АД Битола во законски предвидениот рок од 8 дена од денот на објавувањето на јавниот повик, преку архивата на банката пристигнаа предлози од акционери кои поседуваат најмалку 5% од акциите со право на глас. Предлозите се веднаш објавени на веб страната на банката како и биографијата на предложениот член, која е пристигната и објавена на веб страната најксано 7 дена пред денот на одржувањето на Собранието. Предлог одлуката е објавена на веб страната, на интернет страната на Македонската берза и се составен дел на материјалите за ова собраните. Председавачот отвори претрес по ова точка, бидејки никој не се јави за збор, предлог одлуката се стави на гласање и присутните акционери со 258.908 гласови ЗА што представуваат 100% од вкупниот број на акции со право на глас представени на ова собрание, ниту еден ПРОТИВ и ниту еден ВОЗДРЖАН, ја донесоа следната ------------------------------------------------------------------------------------------------

------------------------------------------------------------------------------------------------

-------------------------------------------- **О Д Л У К А** --------------------------------------------

**за именување на член на Надзорен одбор на Стопанска банка а.д. Битола**

------------------------------------------------------------------------------------------------

**Член 1**

За член на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола со мандат од четири (4) години, се именува,

- Г-дин Кирил Митровски, дипломиран економист со ЕМБГ: 2705954450059 - член.

**Член 2**

На членот на Надзорниот одбор му се одобрува надомест за учество и работа на седниците во висина од 50.000,00 денари месечно нето износ и јавни давачки согласно Закон.

**Член 3**

На членот на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола му следува награда за успешно завршена година. Наградата за членот на Надзорниот одбор се утврдува:

- во висина од 20% од бонусот на Претседателот на Управен одбор на Стопанска банка а.д. Битола.

**Член 4**

На членот на Надзорниот одбор што живее надвор од седиштето на Банката, односно надвор од Битола ќе му се исплатува и надомест во висина на трошоци за патување и сместување, по претходно приложени фактури или друга соодветна документација.

**Член 5**

Пријава за упис на именуваниот член на Надзорниот одбор во трговскиот регистар поднесува член на Управниот одбор на Банката.

**Член 6**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добивање на согласност од Гувернерот на Народна банка на Република Македонија.

//////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////

Председавачот му честита на избраниот кандидат и кажа дека ова одлука влегува во сила по добивањето на согласност од Гувернерот на НБРМ

//////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////

**ПЕТНАЕСЕТТА ТОЧКА.** Председавачот предложи да се премине кон ова точка од дневниот ред Предлог-Одлука за определување на надомест на членовите на Одборот за ревизија Стопанска банка АД Битола. Председавачот констатира дека предлог одлуката за определување на надомест на членовите на Одборот за ревизија на Стопанска банка АД Битола е објавена на веб страната, на интернет страната на Македонската берза и се составен дел на материјалите за ова собраните. Председавачот отвори претрес по ова точка, бидејки никој не се јави за збор, предлог одлуката се стави на гласање и присутните акционери со 258.908 гласови ЗА што претставуваат 100% од вкупниот број на акции со право на глас претставени на ова собрание, ниту еден ПРОТИВ и ниту еден ВОЗДРЖАН, ја донесоа следната ----------------------------------------------------------------------------

------------------------------------------------------------------------------------------------------------

------------------------------------------ **О Д Л У К А** ------------------------------------------

------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**за определување на надомест на членовите на Одборот за ревизија на Стопанска банка а.д. Битола**

**Член 1**

Се определува надомест еднаш на три месеци на членовите на Одборот за ревизија на Стопанска банка а.д. Битола во износи од:

- 40.000,00 (со букви:четириесетилјадиденари) нето износ и јавни давачки согласно закон за Претседателот на Одборот за ревизија на Стопанска банка а.д. Битола и
- 30.000,00 (со букви:триесетилјадиденари) нето износ и јавни давачки согласно закон за другите членови на Одборот за ревизија на Стопанска банка а.д. Битола.

**Член 2**

На членовите на Одборот за ревизија на Стопанска банка а.д. Битола што живеат надвор од седиштето на Банката, ќе се исплатува надомест во висина на трошоци за патување и сестување, по претходно приложени фактури или друга соодветна документација.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето,

//////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////
//////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////

**ШЕСНАЕСЕТТА ТОЧКА.**Се премина кон последната точка од дневниот ред Предлог одлука за распоред на остварената добивка во 2014 година. Председавачот констатира дека предлог одлуката е објавена на веб страната, на интернет страната на Македонската берза и се составен дел на материјалите за ова собраните. Председавачот отвори претрес по ова точка, бидејки никој не се јави за збор, предлог одлуката се стави на гласање и присутните акционери со 258.908 гласови ЗА што представуваат 100% од вкупниот број на акции со право на глас представени на ова собрание, ниту еден ПРОТИВ и ниту еден ВОЗДРЖАН, ја донесоа следната ---------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

---------------------------------------- **О Д Л У К А** -------------------------------------------

----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**За употреба и распоредување на остварената добивка по Годишната сметка за 2014 година на Стопанска банка а.д. Битола**

Член 1

Стопанска банка а.д. Битола остварената добивка по годишната сметка за 2014 година во износ од 159.731.305,00 денари ја распоредува како следува:

S 124.857.051,00 денари за покривање на загубата од минати години;
S 34.874.254,00 денари се распоредува во законски резерви.

Член 2

Се задолжува Секторот за поддршка и финансии да ја реализира Одлуката.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по потврдувањето од Собранието на Банката

//////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////
//////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////

Откако се исцрпи дневниот ред, Председавачот, им се заблагодари на присутните акционерти и 36-тата седница на собранието на акционери на Стопанска банка АД Битола ја прогласи за затворена во 14 часот и 15 минути.----------------------------------------------------------------------------------

Прдедседавач со Собранието на акционери
с.р.
-------------------------------------------
Томислав Давков

////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////
////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////
////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////

Јас **Нотар ЛУИЗА ХРИСТОВА П О Т В Р Д У В А М** дека овој акт лично го составив и лично му го прочитав на Председавачот на собранието -------------

Председавачот со акционерското Собрание Томислав Давков го потпиша записникот и списокот на присутни акционери и изјави дека содржината на овој нотарски акт во целост одговара на дејствијата кои се случувале на седницата на Собранието. --------------------------------------------------------------------

Овој акт е составен лично од нотарот и се состои од 21 листови и 21страна-----

Изворникот со придружната документација останува кај нотарот, а Стопанска банка АД Битола добива изводи и снимано ЦД од седницата на Собранието на акционери ---------------------------------------------------------------------

Нотарската такса за заверка по тарифен број 27 од Законот за судски такси во врска со чл.144 став 4 од ЗН во износ од 500,00 денари е наплатена и поништена на изворникот---------------------------------------------------------------------

Нотарската награда е пресметана во износ од 14.000,00 денари и трошоци 1.260,00 денари, согласно чл.44 и 55 од Нотарска тарифа -----------------------------

**ОДУ бр.251/15**

Битола 25.03.2015- дваесет и петти март двеиљади и петнаесетта година------

Томислав Давков с.р.

-------------------------------------------

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на Основниот суд во
НОТАР
ЛУИЗА
ХРИСТОВА
БИТОЛА

**НОТАР**
**ЛУИЗА ХРИСТОВА**

**Јас, НОТАР ЛУИЗА ХРИСТОВА**
**за подрачјето на Основниот суд Битола**

потврдувам дека е овој извод е идентичен со изворникот.

Овој е **прв** **извод** - потполн - во извадок , кон кого **не се приложени** преписи од прилозите на нотарскиот акт.

**Број: ОДУ 251/2015** **НОТАР**
**Во Битола 25.03.2015 год.**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на Основниот суд во
НОТАР
ЛУИЗА
ХРИСТОВА
БИТОЛА